# План Б: Пионерите на борбата со климатската криза и иднината на мобилноста

**(Excerpt in Macedonian)**

Translated by: Viktorija Blažeska
Contact of the translator: viktorija.blazeska@gmail.com

Предговор

Клучниот фронт на човечноста

*„На располагање ни се сите факти и решенија. Мораме само да се разбудиме и да се промениме.“*

Грета Тунберг, климатска активистка

Безброј пати ветував – себеси и на најблиските – дека долгогодишниот период поминат како воен известувач е зад мене. Кога почнував, бев меѓу најмладите. Кога почувствував дека е доволно, бев меѓу најстарите. *Ослободен* од илузиите, наситен од трагедиите што се повторуваат и зголемуваат; гневен, исфрустриран, сосема без товар што е неопходен за урамнотежено опстојување. На теренот покрај илузиите и идеалите изгубив и некои пријатели и познаници и ги искористив повеќето „џокери“. Слободниот избор, слично важи и за алпинистите, може да биде судбоносна привилегија.

Доста беше, повторував. Себеси. И на другите. Истовремено сè повеќе и повеќе ја губев вербата во моќта на својата професија. Новинарството за мене никогаш не беше работа, туку од шеснаесетгодишна возраст натаму и животен стил. Живот како таков. Затоа ми беше уште потешко да го примам фактот дека нашата – а со тоа и мојата – работа во времево на (а)социјални мрежи, кога замав земаат вехементни, брзо сварливи ставови врз основа на никакво знаење, толку брзо и неповратно си ја губи општествената улога. Не поради губењето на улогата на „пишувач на првата верзија на историјата“, која му следува на известувачот од терен, туку поради уништувачките последици што ги има диктатурата на ништото.

Влеговме во *постфактичко* општество, во кое ние новинарите – ова сè повеќе важи и за научниците – ја изгубивме својата положба и на некој начин и државјанството. Станавме интелектуални апатриди. А да не заборавиме дека сите цивилизации – и

*трибализми* – темелат на фикција. Колективната лага што може нежно да се преведе во раскажување приказни е веројатно еволуциски условена. Очигледно се враќаме кон корените. Таму за новинарите (и за фактите) нема место. Всушност, никогаш не го ни имало.

***

Да, верував, долго верував дека со новинарството светот може да се промени на подобро. Неколкупати, пред сè во личните приказни, имав чувство дека тоа ми успеа дури и мене. Но поединечните приказни за можните придвижувања сè повеќе (ми) тонеа во „големата слика“. Ако твојата работа нема непосреден учинок, се работи само за набљудување со учество = его сафари.

Војните од кои известував стануваа постојани – стануваа *состојба*.

Бегалците на чии судбини им го посветив најголемиот дел од својата работа во последната деценија и половина во очите на Словенија и на Европската Унија на крилјата на разбудениот расизам, ксенофобијата и сè повеќе и на фашизмот станаа нуклеарен отпад. И – одвратна злоупотреба – алатка на политичката борба.

Отвореното, слободно општество што би требало да расте околу нас го исполнија ѕидови, бодликави жици, нови (стари) граници, ровови, стражарски кули, паравоени единици...

Идеолошките поделби се засилија. Историската меморија, веќе сама по себе селективна, е речиси изгниена. Историјата се пишува на *ново*.

Болката на другиот во најдобар случај стана деловна категорија. Буквално социјален капитал.

Остатоците етична супстанција се стопија заедно со вниманието, темелот и клучот на рефлексијата. Срамот и чувството на вина се скрија во рововите на анонимноста. Победија рефлексите; *непоследичноста*. Двапати сечи, ниту еднаш не мери. Како сонцето утре да не ќе изгрее.

Тешко (беш)е да се зачува мотивацијата.

***

Кога есента 2016 година уморен и сосема заситен од известувањето од (вечната) темнина се вратив од Мосул, каде што го следев бруталниот судир на владините сили на Ирак и

на самопрогласената Исламска држава, веќе речиси имав одлучено дека ќе почнам да се занимавам со нешто друго во животот. Не само во поглед на новинарската тема и жанрот. Сакав целосно да побегнам од новинарството, од својата религија.

Секако ниту во сон не можев да знам каде и што тоа би можело да биде.

Ниту оддалеку.

***

Би можел да набројувам до бескрај. За шестото големо изумирање на животинските видови – апсолутна последица на човечката „активност“: на Земјата во моментов има само половина од бројот на диви животи во 1970 година, заедничката маса на луѓето изнесува 30 проценти од заедничката маса на сите ´рбетници, 67 проценти тежат животните што се одгледуваат, а сите диви ´рбетници заедно претставуваат само 3 проценти од масата. За смртта на големиот австралиски корален гребен и изумирањето на 80 проценти од сите инсекти. За уништувачки топлите океани: според податоците од истражување во *Journal of Mathematical Biology од 2015 година, во случај океаните да продолжат да се загреваат со иста брзина, до 2100 година ќе „запре производството на кислород со фитопланктон, бидејќи ќе се оневозможи процесот на фотосинтеза, што најверојатно ќе предизвика масовна смрт на животните и луѓето“. За фактот дека Маршаловите острови, Тувалу и Кирибати веќе тонат и дека покрај морскиот брег, кој е еден од основните фронтови на кој се одвиваат климатските промени, живеат 40 проценти од светското население. За фосилното лоби, „црниот холокауст“. За морските текови што се менуваат. За испуштањето на јаглероден диоксид во атмосферата што расте (за време на пишувањето 418 делови на милион). За поларните мечки што додека им исчезнува природното живеалиште пливаат и по двесте километри одеднаш и се присилени да ловат ... бели китови. За шестиот блок на термоелектранаата Шоштањ. За тоа дека цената на последиците за светската економија во 2018 година беше 1,2 трилиони долари, приближно 1,6 проценти од глобалниот БДП. За бујните јануарски пролетни цвеќиња високо на Алпите. За Доналд Трамп. За климатските бегалци, човечки и животински, кои толку драматично и трагично ќе ја карактеризираат блиската иднина и кои, ако обрнеме малку, навистина малку внимание, веќе толку драматично и трагично ја карактеризираат сегашноста: според податоците на Светската банка од 2018 година, до 2050 година само во Азија, Африка и Латинска Америка поради последиците на климатските промени 143 милиони*

*луѓе ќе бидат приморани да ги напуштат своите домови. За светот што се суши. За светот што ќе биде карактеризиран со „војни за вода“. За пандемијата на глад: според податоците на Светската здравствена организација во светот моментално гладуваат 265 милиони луѓе. Речиси двапати повеќе отколку пред една година. Пред пандемијата на ковид-19, која запре огромен дел од светската економија.*

За светот што го познававме и што брзо исчезнува пред нашите широко затворени очи. За новиот, суштински помалку демократски и помалку отворен свет.

Да, би можел да набројувам до бескрај, да цитирам десетици научници, да нижам стотици бројки и податоци, да редам слики, да бетонирам факти, да го објаснувам тоа што би морало веќе да му биде јасно на секој третоодделенец (многу третоодделенци за последиците од климатските промени секако знаат многу повеќе од своите родители, и баби и дедовци). Но, се плашам дека секое набројување факти е излишно. Премногу. Сè е веќе кажано безброј пати: но вниманието, големата жртва на денешново време, е премалено и намалено. Науката – во однос на климатските промени – е јасна. И само науката е компетентна. Од друга страна, за убедување, можеби за месијанство, е предоцна. Убедувањето на убедените е, тоа ме научи новинарскиот пат, етички грев.

(Не само) поради губењето време.

***

Последиците од климатските промени во голем дел од првиот свет – (особено) и во географски и климатски привилегираната Словенија – се нешто што им се случува на *другите*. Нешто што не нè загрозува нас – барем не *непосредно* и егзистенцијално. Нешто на што едвај успеваме да одговориме. Нешто за кое еволуцијата (сè уште) не нè подготвила. Нешто што локалната и глобалната политика, кои функционираат на погонот на инстантни или веќе одамна преживеани идеолошки теми, во голема мера го игнорираат – можеби дури и го одрекуваат. Нешто што упорно – колективно смртоносно – се зголемува поради бескрајната профитабилност на фосилните горива, односно на нивните производители, клучната причина за глобалното затоплување. Нешто што нè дели наместо да нè здружува, бидејќи во име на преживувањето на видот – и на видовите – едноставно веќе не можеме да си дозволиме да исклучуваме.

*Нешто* што е тука и сега.

***

Наместо да набројуваме бројки и факти и да нижеме апокалиптични слики, со Матјаж одлучивме во оваа книга да ги претставиме заедниците и поединците што – колку што е можно – успешно се справуваат со климатската криза. Заедниците и поединците што не се имаат препуштено на општата рамнодушност, арогантност и игнорантност и во најдобар случај чекањето на спасител (однадвор). Заедниците и поединците што активно и храбро излегоа на клучниот фронт на човечноста и почнаа да го менуваат својот начин на живот. Заедниците и поединците што на сите нам – значи на човештвото – можат да ни понудат знаење, енергија (буквално), искуства и секако и технологија со која би можеле со целосен локален, регионален и глобален ангажман да ги зауздаме последиците на климатските промени.

Од Тилос, првиот остров во Средоземјето што се самоснабдува со енергија (сонце и ветер), до геотермалниот Исланд, кој е целосно насочен кон иднината. Од развојот на морска енергија (бранови, плима), кој ветува неверојатно многу на Оркниските Острови во североисточна Шкотска, каде со вишокот електрична енергија произведуваат зелен водород, па до австриското гратче Гисинг, кое веќе пред четвртина век тргнало по патот на енергетско самоснабдување (биомаса) и притоа со огромни подеми и падови стана еден од главните центри за развој на технологии за развој и производство на обновливи извори на енергија. Од швајцарското претпријатие *Climeworks*, кое јаглеродниот диоксид го црпи непосредно од воздухот и делумно го вбризгува под земја на Исланд, а делумно го употребува во индустријата (производство на пијалаци и стаклени градини), до скандинавските села што сами се снабдуваат. Од целосниот пат на секој грам литиум од солените рамнини во Боливија до кинеските фабрики за електрични автомобили и револуцијата на електричната мобилност во Норвешка и водородните алтернативи. Од фабриката за согорување отпад во Осло, која го лови јаглеродниот диоксид што настанува при согорувањето и има намера на државно ниво веќе многу наскоро да го чува во геолошките подморски јами, каде порано се наоѓале нафтата и земниот гас, до луѓето, поединците и заедниците што стојат зад сите овие и бројни други проекти, кои гласно и јасно викаат дека не смееме, никако – и покрај страшните последици од пандемијата за локалната, регионалната и глобалната економија – не смееме да ја изгубиме надежта.

Тоа е неверојатно тешка задача.

Тоа ќе биде неверојатно тешка задача.

Но ако не сме ѝ достојни, ќе биде последната.

***

Навистина тешко е да се поверува дека – овде и сега – уште постои можност да се спречи катаклизмата, односно барем да се ублажи и во најдобар случај да се одложи за неодредено време. Човештвото, меѓу другото, сепак е вид геноцид, екоцид, војна/и, расизам, игра на моќ, насилство, лакомост, фиктивни идентитети ... По добри две децении известување од сите можни кризни жаришта, од местата на злосторствата на човештвото и по точниот увид во тоа како функционираат глобалната политика и економија, а пред сè познавајќи ја човечката природа, мојата потрага по надеж дека заеднички можеме да се справиме со климатската криза и нашиот животен стил се граничи со когнитивна дисонанца. Во превод: секојдневна потрага по (професионална) смисла.

*„Писателот на своите читатели не им должи надеж. Неговата единствена должност е искреноста. Сепак сакам вие што ќе ја земете книгава в раце да знаете дека нејзиниот автор е ангажиран и не очајува. Во спротивно не би се нафатил да го пишува ова,“* во својата нова книга *Попуштање* напиша легендарниот климатски активист и писател Бил Мекибен.

Крајно се согласувам со него.

Имено, таму надвор постојат луѓе и заедници што во од – и конкретно – го победуваат цинизмот и сопствените стравови и несигурности. Бараат, како што се вели, решенија. Дури и во судското продолжение и покрај тоа што многу заостануваат сè уште скокаат на теренот и играат „со полна пареа“.

И така ќе биде сè додека судијата не свирне за последен пат. Ова е книга за тие заедници и за тие луѓе.

Надежта не е таа што последна умира.

Сепак.

Поради пандемијата неколку месеци се чинеше дека светот застанал. Речиси сите содржини во медиумите – и интимните комуникации исто така – беа на овој или на оној начин поврзани со вирусот и со неговите последици за државата, општеството, здравствениот систем, економијата, образованието, спортот, културата и за тебе/за мене. Толку еднонасочен сообраќај и ограничена перцепција генерациите родени по втората светска војна – дури и во најтоталитарните општества – сè уште немаа доживеано. Последиците од климатските промени во ова време станаа само шум. Речиси егзотика.

Една тема. Ограничено движење. Втеснетост во ментален инцест. Интимна и колективна анксиозност. И покрај тоа или токму поради тоа толку проклето лажливо чувство на присутност во центарот на светот: бидејќи пандемијата на вирусот ни се случува на сите, и тебе и мене. Пред сè тебе и мене. Тоа покрај отсуството на вести за светските случувања и неверојатно авторитарно подмачканото никнување на нови (стари) граници и општото газење на човековите права „во име на здравјето" ги убива остатоците емпатија и ги разградува хуманистичките вредности.

Голем дел од светот за неколку месеци се стесни на домот и екранот на компјутерот и на мобилниот телефон. Во локалниот и глобалниот, интимниот и колективниот карантин нештата само се заостриja. До крајности: си станавме вест самите себеси. И тоа за време на епидемичната нарцисоидност, време што е брутално за емпатијата, време на реални шоуа, време за *селфи* а не за себе.

Локалниот и глобален „коронитис" уште долго ќе биде главна тема. И центар на вни(е)манието. Кризните жаришта, војните, последиците на климатските услови, природните катастрофи, економските падови и геостратешките земјотреси, кои веќе гласно тропаат на нашата врата, ќе бидат само попатна тема. *Рекламен банер*. Кога ќе помислам на тоа, ме лазат морници.

Оваа книга е крик за внимание. Толку можеме/можам. Толку морам(е).